Целта е да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос,

меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без прдрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите .

*Секој наставник, освен часовите кои ги одржува во рамките на својот неделен фонд на часови, поминува неделно уште пет работни часа во директна работа со ученици за да се реализираат дополнителната и додатната настава, работата со талентираните и надарените ученици, работата на секциите и воннаставните активности.*

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Училишни спортови кои ги нуди училиштето се кошарка, ракомет и футсал. Одговорни наставници се Сашко Петрушев и Томе Попов.Во учебната 2023/24 година, предвидени настапи, турнири итн., ќе бидат согласно заедничката програма на училиштата од општината. Оваа воннаставна активност учениците ја бираат според сопствените афинитети. Се изготвува конкретизирано планирање на активностите за реализација на училишен спорт во рамки на планирањата на одговорните наставници со време на реализација, опфатеност на ученици, видови на спорт, следење на реализацијата, одговорни наставници и начин на евалуација. За реализираните активности се води евиденција и во летописната книга на училиштето, а фотографии се објавуват на официјалниот ФБ профил на училиштето и веб странатаа наа училиштето.

### 9.2. Секции/Клубови

На почетокот на учебната година на учениците ќе им биде понудена листа секции според возрасти во кои тие согласно со законот би се вклучиле доброволно.

### 9.3. Акции

| Акции | Време на реализација | Име и презиме на лицата задолжени за реализацијата | вклучени ученици | потребни средства и материјали и извори | тим за следење на акциите |
|---|---|---|---|---|---|
| базари | Новогодишен | Викторија Новаковска | I-IX | | Лице од Совет на родители |
| хепенинзи | Математички хепенинг | Адријана Тодорова | I-IX | | Лице од Совет на родители |
| хуманитарни акции | По потреба | | I-IX | | Лице од Совет на родители |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| еколошки акции Чистење на: училници<br>Двор<br>Околина<br>Садење дрвца<br>Садење цвекиња<br>Собирање на ПЕТ амбалажа | Октомври до Мај | Еко Одбор | I-IX | | Лице од Совет на родители |

### *Еко- патроли*

Се изготвуваат списоци за организација на учениците по паралелки во составот на еко-патролите за реализација на еколошката програма за секоја седмица посебно. Еко-патролите подготвуваат извештаи и листи за следење на реализацијата на точките на акција од воспоставените еко-стандарди.

## 10. Ученичко организирање и учество

Организирањето во заедница на паралелката, членови на ученичкиот парламент, план за работа на ученичкиот парламент, план за работа на ученичкиот правобранител ќе се конкретизира со почетекот на учебната година.

## 11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

(Се наведува тимот за изработка на програмата, кои екскурзии, излети, настава во природа и други вонучилишни активности ќе се организираат и со кои одделенија).

| Тип на екскурзија | Одделение | Време на реализација | тимот за изработка на програмата |
|---|---|---|---|
| Тридневна екскурзија низ Македонија | IX | IV-V | Актив IX |
| Дводневна екскурзија низ Македонија | VI | IV-V | Актив VI |
| Еднодневна екскурзија во Скопје | III | IV | Актив 3 одделение |
| Настава во природа | V | IV | Актив 5 одделение |
| Посета на театар и саем на книгата во Скопје, МАНУ и Природонаучен музеј | VIII, IX | IV-V | Актив јазици и природни науки |
| Посета на верски објекти | VI | IV-V | Ристо Живковиќ и Викторија Новаковска |
| Посета на Собрание | VIII | XII | Ристо Живковиќ |
| Теренска настава | IX | IV-V | Адријана Тодорова |
| **Рекреативни** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Рекреативен ден за наставници и ученици | I-IX | X,V | Одд раководители<br><br>I-IX |
| Зимување на ученици | IV- IX | I,II,III | По потреба |
| Летување на ученици | IV- IX | VII | |

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Анализата ќе се спроведе со отпочнување на учебната година

(Се наведува бројот на учениците и од кои паралелки се тие ученици кои се вклучени во вонучилишни активности во: основно музичко училиште, балетско училиште, кошаркарски клуб, спортска академија, училиште за танц итн.).

## 12. Натпревари за учениците

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво.
Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници.Здруженијата на наставниците треба да бидат акредитирани од Министерството, на предлог на комисија за акредитација на здруженија на наставници формирана од министерот, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за акредитација на натпревари на ученици.
Согласно со Правилникот на МОН за ученички натпревари и со согласност на родителите училиштето организира натпревари по повеќе предмети а најдобрите согласно со критериумите се вклучуваат во натпревари од повисок ранг (општински, регионални, државни итн.).

| Училишни натпревари | Период | Ученици | Тимска поддршка од наставниците |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Март Мај | 20 | К. Чрчева, С.Проданова |
| Математика | Март Мај | 20 | А.Тодорова, М.Петрушева |
| Математика без граници | Октомври Мај | * | |
| Кенгур | Март | * | |
| Сообраќај | Март | * | Богомил Марков |
| Ракомет, кошарка, мал фудбал, одбојка | Втцг | 30 | Т.Попов С.Петрушев |
| Англиски јазик<br><br>Училиштен натпревар, општински, регионален и државен (ЕЛТАМ)<br><br>Hippo<br>World scholar’s cup<br>English essay<br>Spelling bee | Март-мај | 30 | Томида Окова Попова, Николинка Ќамилова, О.П.Узунова |
| Француски јазик | Април мај | 10 | Е.Трајкова |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Географија | Јануари-април | 10 | Д.Дронова |
| Физика | Февруари-мај | 10 | Магдалена Џотова |
| Биологија/ Природни науки | Март април | 25 | Љупчо Стојков |
| Хемија | Март април | 10 | Фиданка Енџекчева |
| Хорски смотри | Април мај | 20 | Здравко Иљачев |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето е етнички чиста средина со доминантно македонски етникум. Во рамки на ПМИО училиштето ќе планира активности во насока на меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите.Училиштето има тим одговорен за оваа компонента и се изготвува акционен план за реализација на мултикултурните активности во редовната и во воннаставните активности. Исто така училиштето ќе продолжи да соработува со партнер училиштето „Мехмет Дерала“ од Градец, со ангажман на директорот како одговорно лице, се определуваат наставниците и учениците кои ќе ги реализираат активностите, сето тоа се планира со акционен план на СИТ.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нема надворешни проекти

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците од минатите три години, по предмети и области, се планираат конкретни активности од стручната служба за поддршка на учениците и наставниците, професионална ориентација на учениците – со конкретни активности и во рамки на предметот Иновации во темата Професионален и кариерен развој. Промовирање на постигнувањата е во рамки на училиштето, во јавноста е преку објава на успесите на официјалниот ФБ профил на училиштето и на веб страната на училиштето, како и јавно доделување на благодарници за учениците кои освоиле први места на разни видови натпревари и прогласување ученици на генерацијата при завршување на основното образование со одредени награди како посебни форми и методи за мотивација на учениците. Посебни анализи за постигањата на учениците се прават во рамки на Полугодишниот и Годишниот извештај за работата на училиштето.

**Споредба на општиот успех**

| IV-IX | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2022/23 | 134 | 71 | 49 | 6 | 260 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 51,54% | 27,31% | 18,85% | 2,31% | |
| 2021/22 | 129 | 69 | 57 | 3 | 258 |
| | 50,00% | 26,74% | 22,09% | 1,16% | |
| Разлика | 5 | 2 | -8 | 3 | |
| | 1,54% | 0,56% | -3,25% | 1,14% | |

**Констатации: Согласно показателите на општиот успех кај учениците, на крајот од учебната учебната 2022/23 година може да се констатира дека во однос на минатата учебна година зголемен е бројот на ученици со одличен успех за 5, зголемен е бројот на ученици со многу добар успех за 2, бројот на ученици со добар успех не се намалил за 8 а се зголемил бројот на ученици со доволен успех за 3.**

**Табела бр.7 - Константност на успехот 2022/23година – споредба на успехот од учебна 2021/22**

| Пар. - Одд. | Среден успех 2022/23 | Пар. - Одд. | Среден успех 2021/22 | Разлика во % | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| IV а | 4,39 | III а | Описно | / | / |
| IV б | 4,40 | III б | Описно | / | / |
| IV ПУ Ѓавото | 4,00 | III ПУ Ѓавото | Описно | / | / |
| V а | 4,37 | IV а | 4,27 | 2,34% | 0,1 |
| V б | 4,50 | IV б | 4,33 | 3,93% | 0,17 |
| V ПУ Ѓавото | 4,86 | IV ПУ Ѓавото | 4,9 | -0,82% | -0,04 |
| VI а | 4,59 | V а | 4,77 | -3,77% | -0,18 |
| VI б | 4,46 | V б | 4,35 | 2,53% | 0,11 |
| VII а | 4,18 | VI а | 4,23 | / | / |
| VII б | 4,19 | VI б | 4,07 | 2,95% | 0,12 |
| VII в | 4,00 | VI в | 4,01 | -0,25% | -0,01 |
| VIII а | 4,21 | VII а | 4,42 | -4,75% | -0,21 |
| VIII б | 3,91 | VII б | 4,05 | -3,46% | -0,14 |
| IX а | 3,85 | VIII а | 3,69 | 4,34% | 0,16 |
| IX б | 4,15 | VIII б | 4,12 | 0,73% | 0,03 |
| IX в | 4,24 | VIII в | 4,01 | 5,74% | 0,23 |
| | | | | | |
| IV-V | 4,42 | IV-V | 4,48 | -1,23% | -0,05 |
| VI-IX | 4,18 | VI-VIII | 4,05 | 3,09% | 0,13 |
| IV-IX | 4,27 | IV-VIII | 4,25 | 0,50% | 0,02 |

**Констатации:**

**Средниот успех од IV–IX одд. е 4,27. Успехот е повисок за 0,06 во однос на минатата учебна година.**

**Константност на успехот по наставни предмети 2022/23 година во споредба со учебната 2021/22 година**

| VI-IX | 2022-23 | 2021-22 | Разлика |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 4,04 | 3,88 | 0,16 |
| Англиски јазик | 3,87 | 3,78 | 0,09 |
| Француски јазик | 3,71 | 3,57 | 0,14 |
| Математика | 3,67 | 3,60 | 0,07 |
| Историја | 4,01 | 4,05 | -0,04 |
| Географија | 4,02 | 3,81 | 0,21 |
| Биологија | 3,70 | 3,86 | -0,16 |
| Хемија | 3,41 | 3,32 | 0,09 |
| Физика | 3,41 | 3,58 | -0,17 |
| Граѓанско образование | 4,00 | 3,82 | 0,18 |
| Техничко образование | 4,86 | 4,87 | -0,01 |
| Информатика | 4,59 | 4,24 | 0,35 |
| Музичко образование | 4,62 | 4,43 | 0,19 |
| Ликовно образование | 5,00 | 4,91 | 0,09 |
| Етика VII одд. | 4,25 | 4,36 | -0,11 |
| Природни науки | 4,36 | 3,72 | 0,64 |
| Иновации | 4,47 | 4,61 | -0,14 |
| Проект Муз. ум. | 4,77 | 4,69 | 0,08 |
| Проекти од информатика/прог. | 4,61 | 4,91 | -0,30 |
| Восп.за околината/вешт. за жив. | 4,93 | 5,00 | -0,08 |
| Физичко образование | 4,84 | 4,74 | 0,10 |
| Етика на рел./зап. на религиите | 4,75 | 4,50 | 0,25 |
| Среден успех | 4,21 | 4,13 | 0,08 |

**Констатација: Средниот успех по наставни предмети од VI – IX одд. во учебната 2022/23 година е 4,21 и е за 0,08 зголемен во споредба со минатата учебна година. Средниот успех е зголемен по 14 наставни предмети, а намален е по 8 наставни предмети.**

Во учебната 2022/23 година во нашето училиште беше спроведено TIMSS тестирање на учениците од IV б одделение. Истото беше реализирано на 12.05.2023 година од страна на

Државен испитен центар. Целта на оваа меѓународна студија по математика и природни науки е да ги мери знаењата на учениците во овие области во IV одделение.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Професионалната ориентација на учениците ќе се реализира преку наставните содржини во рамките на задолжителната, изборната настава и преку сите видови на вон наставни активности на учениците. Но, истата со учениците од 9-те одделенија засилено ќе биде реализирана со помош на одделенските раководители и стручните работници од училиштето преку претходно изготвена програма која е составен дел од оваа програма.

Во училиштето ќе се работи на полето на "професионалната ориентација на учениците", особено со учениците од завршните одделенија. Во второто полугодие од деветто одделение, учениците на часовите на одделенските заедници ќе бидат запознати со Конкурсот за упис во средно образование на државните средни училишта како и можноста за запишување на приватните средни училишта во нашата Република. Работата на полето на "професионалната ориентација на учениците" ќе се изведува според план и програма за реализација на програмата за професионална оријентација, изработена од стручната служба.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

***Превентивни програми*** (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа) Превентивните програми се реализираат во рамки на работата на стручните соработници, содржините од програмата за ОЖВ, преку специфични наставни содржини од одделни предмети( јазик, биологија, хемија, вештини на живеење) и во заеднички активности во соработка со МВР и ЦСР.

УЧИЛИШЕН ТИМ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НАСИЛСТВО

| Име и презиме | Одговорност |
|---|---|
| Атанас Нанчев | Директор |
| Невена Петрушева | Психолог |
| Снежана Енџекчева | Педагог |

| | |
|---|---|
| Невенка Тодоровска | Наст.по историја |
| Фиданка Енџекчева | Предметен наставник |
| Томида Окова Попова | Предметен наставник |
| Сашко Петрушев | Предметен наставник |
| Соња Лазарова | Одд.настава |

Во програмите за ОЖВ и посебните програми на стручните соработници кои се планираат едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, вклучување на надлежните институции и експерти за определените области на дејствување Организирање на активности во училиштето како и надвор од училиштето, заеднички посети на установи, социјални активности за интеракција која е осмислена и во функција на подобрување на соработката.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно, учениците од четврто до шесто комбинирано, а од седмо до деветто бројчано. Секоја паралелка формира комисии од учениците за оценување, се прави план за писменото оценување имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по една, а седмично по две писмени работи) Кој е истакнат на страна 4 од **одделенскиот е-дневник** за секоја паралелка посебно.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето формира тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени е утврдена во чл.72 од ЗОО, родителите писмено се информираат од страна на одделенскиот раководител најмалку два пати во едно полугодие и континуирано преку е-дневник Тимот за следење, анализа и поддршка е составен од стручната служба

- Снежана Енџекчева(педагог)
- Невена Петрушева (психолог)
- Елеонора Трајкова (наставник)
- Јулија Чавдарова (родител)
- Вања Милосавлевиќ (ученик)

**Комисијата ќе работи на:**

- откривање на можните причини за слабиот успех по одделни предмети;
- разговор со наставниците кои постигнуваат слаби резултати;
- разговор со учениците;
- предлага мерки за подобрување на успехот.

Следењето ќе се врши ( квартално по тримесечија споредбено со извештаи наназад за 3 години), со анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците од интерно и екстерно проверување на учениците, план за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати од работењето, поддршка за наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки

на училиштето, формирање на тим за оценување на работата на секој наставник како самооценување со цел да се планира поддршката.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во планот на директорот и стручните соработници

16.4. Самоевалуација на училиштето

Се изготвува на секои две години од стручен тим, по подрачја. Самоевалуација се изврши во мај 2023 за периодот од 2 години. Со изготвување на полугодишен и годишен извештај континуирано се врши самоевалуација на работата на училиштето. Комисија за самоевалуација: Снежана Енџекчева, Невена Петрушева, Адријана Тодорова, Наталија Манолева и Добрилка Лукиќ

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето е двокатна зграда, учениците од прво до трето одделение имаат настава на приземје а останатите на приземје и на кат. Училиштето е опремено со ПП апарати за заштита од пожар, има 4 излези определено ден за вежбање на евакуација. Во рамки на соодветните наставни предмети и програмата за ОЖВ учениците се стекнуваат со знаења и вештини за заштита од опасности во училиштето како и на патот до училиштето како учесници во сообраќајот. Училиштето има сопствен видео надзор и физичко лице за обезбедување кој помага за следење и на однесувањето на учениците. Во рамки на Елаборатот за Заштита и спасување училиштето има планови по ламели за евакуација во случај на опасност.

Денови за евакуација се 25 октомври и 20 Март.

## 18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

Одговорни за хигиената во училиштето се вработените хигиеничари 4 во централното и 1 во подрачното училиште. Редовно се набавува средства за одржување на хигиената, дезинфекција на подовите и тоалетите се врши секојдневно. Учениците и вработените имаат обврска одговорно да се однесуваат со цел да се практикуваат позитивни хигиенски навики како услов за здраво живеење: проветрување на училниците, фрлање на отпад во определените корпи, фрлање на пет амбалажата во соодветниот контејнер.

**Комисија за хигиена во состав:**

- Љупчо Стојков (наставник)
- Дитка Дронова (наставник)
- Катерина Чрчева (наставник)
- Викторија Дронова (родител)
- Весна Радева(хигиеничар)
- Стојанка Трајкова(хигиеничар)
- Жаклина Ванова (хигиеничар)
- Перо Дуев ( хигиеничар)

- Рената Дачева (ученик)

Комисијата ќе работи на:
- редовно следење на хигиената во училиштето;
- предлага мерки за подобрување на хигиената.

18.2. Систематски прегледи

Учениците од I, III, V и VII одд. ќе бидат опфатени со систематски прегледи. Истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата (пред или по завршувањето на часовите). За време на систематските прегледи учениците ќе ги придружува одделенскиот раководител, а по потреба во почетните одделенија и родител волонтер.

18.3. Вакцинирање

Со вакцинирање сите ученици се опфатени согласно календарот за имунизација и вакцинација, одговорното лице од училиштето (според насоките од Министерството се забранува вакцинација во училиштата поради несакани ефекти) се одредува врз основа на ангажираноста со распоредот за настава и динамиката на Здравен дом Гевгелија за имунизација на учениците.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Се реализира во рамки на предавањата од соодветните наставни предмети особено природните науки, биологија, изборниот предмет вештини на живеење како и некои содржини од странските јазици. Учениците изготвуваат сопствени проектни задачи, презентации и др. Се реализираат активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“ со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите.

**19. Училишна клима**

19.1. Дисциплина

Се определуваат одговорни наставници-распоред на дежурни наставници се определува контрола во училиштето (во ходници, училници, санитарни јазли и други простории), но задолжително и во училишниот двор од отварање до затворање на училиштето во текот на денот. Училиштето ќе води писмена евиденција за тековните збиднувања за време на одморите. Комисија за дисциплина на учениците во состав:
- Сашко Петрушев (наставник)
- Фиданка Енџекчева (наставник)
- Николинка Ќамилова (наставник)
- Димитар Топалов (ученик)

Комисијата ќе работи на:
- почитување на куќниот ред од учениците;

- чување на инвентарот од страна на учениците;
- предлага мерки за подобрување на дисциплината

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Комисија за уредување на училишниот простор по даден повод во состав:

- Перо Танчев (наставник)
- Томида Окова Попова (наставник)
- Стефана Демерџиева (наставник)
- Невенка Тодоровска (наставник)
- Оливера Прочкова Узунова (наставник)
- Дитка Дронова (наставник)
- Адријана Тодорова (наставник)
- Мите Демерџиев (хаусмајстор)
- Ружица Ѓавочанова (ученик)
- Вања Милосавлевиќ (ученик)

Комисијата ќе работи на: уредување на училишниот простор по даден повод

19.3. Етички кодекси

Покрај постоечките Кодекси за наставници и ученици, училиштето ќе изготви Еко-кодекс- кој ќе ја дефинира целата мисија на училиштето и претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. На јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи.. Еко-кодексот ќе се истакне на видно место.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето организира заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености, посети и сл. кои би имале за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите и приоритетите произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот кои ја утврдуваат и Процедурата за избор на наставници за професионален развој.

20.2. Активности за професионален развој

Се планира организирање на обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците, се определуваат ментори на наставниците почетници, се изготвуваат акциони планови за истите, се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој.

20.3. Личен професионален развој

Се планира поединечното следењето и напредувањето на наставниците, нивното вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување (интерно и преку екстерното оценување на учениците) следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.Се планира активно учество на наставнците и вработените на понудени обуки од еколошката програма како и други обуки соодветни на дејноста. За секој наставник согласно законските регулативи се води Професионално досие.

20.4. Хоризонтално учење

Ќе се реализира преку различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, во рамки на стручните активи, организирање на отворени часови, работилници активности на стручните служби, училишни тимови на проекти и наставници поединци според нивните можности и афинитети.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ќе се реализира согласно Законските одредби и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за напредување во звање наставник-ментор, наставник-советник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

**21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите**

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Советот на родители има изготвена програма за работа, врши детектирање на состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, дава идејни планови за организација на активности во училиштето. Учествува во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и нивна реализација, Училиштето организира  распоред за средби со родители има отворен ден за прием, истите се истакнати на огласна табла, се чита соопштение, се објавува на официјалниот ФБ профил. Отворен ден е секој четврток после тромесечие од 18 односно 17 часот зависно од зимското или летното сметање на времето. Со претходно информирање на родителите

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите,  даваат мислења и сугестии за дополни и измени на секаков вид планирања, постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба, учениците како и преку користење на е-дневник. Даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти. Семејствата помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат

поддршка на реализаторите за иновирање во наставата, помагаат при професионалната ориентација на учениците

***Во активностите во училиштето*** Родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации,промоции и др.

***Во донесување одлуки*** Преку вклученоста и партиципацијата на родителите во одделни комисии, преку совет на родители, училишна заедница, училишен одбор даваат идеи, предлози и донесуваат одлуки.

21.3. Едукација на родителите/старателите

***Едукација на семејството*** Се организираат едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници. Советодавно-консултативни работилници –индивидуални и групни, посета на семејства и др.

***Изработка на брошура за родители*** За подготовка и реализација на брошурата се задолжува психологот.

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

***Тимска работа и училишна клима***

Се практикуваат форми на поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците, да се одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Училиштето се залага за зголемено взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација и интернализација на ВИП – компетенции, да се почитува мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен. Се практикува електронска и усна комуникација. Електронската комуникација се одвива преку затворена група на социјалните мрежи.

***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население..)

Комуникацијата е усна, пишана и електронска комуникација, во вид на состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми и др. Со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво е потпишан Меморандум за соработка.

***Институции од областа на културата*** Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали.Градска библиотека, Пионерски дом Гевгелија,

НМУ„Васо Карајанов“Гевгелија, Ликовна Галерија и Музеј Гевгелија, Театар Гевгелија, КУД Бранд Петрушев и ФА Мегдан од Богданци.

***Институции од областа на образованието*** Училиштето својата дејност ја реализира во соработка со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина: Детска градинка Богданци, ООУ„Кирил и Методиј“ Стојаково, СОУ„Богданци“ преку размена на искуства и кадар, а со факултетите преку можност за изведување пракса на студентите согласно со дејноста.

***Невладини организации*** Со НВО се соработува според понудени ресурси и содржини доколку соодветствуваат на програмите на училиштето. НВО Циркл и Полимат13

***Спортски друштва*** Училиштето ќе соработува со фудбалски, ракометни, атлетски, и кошаркарски спортски друштва од училиштата од општината и регионот.

***Здравствени организации*** Со Здравен дом Гевгелија училиштето ќе соработува заради грижа за здравјето а за безбедноста на учениците и вработените, со центар за социјални грижи, фонд за здравство, осигурителни компании (осигурителните компании се на доброволна база) и др..

***Медиуми*** Со цел на промоција на училиштето ќе соработува со локални ТВ станици, локални радиостаници, весници и др. Лице за контакт со медиуми ќе се одреди во склоп на промовираната активност. Нивна промоција пред медиумите и јавноста ќе се врши преку-училишни флаери, училишен информатор, официјален ФБ профил на училиштето, соработка со уредниците на детски печат итн.

| Назив на детски печат | Оддговорен наставник |
|---|---|
| Росица, Другарче, Наш свет | Ивана Димовска |
| Нумерус | Марија Петрушева |

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/н и лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Услови за работа | прашалници, документи, , процесот на набљудување | Комисии | Ученички парламент, Совет на родители, Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на општина |
| Реализација на задолжителна настава | прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учесниците, процесот на набљудување | Стручни соработници, Директор, | Ученички парламент, Совет на родители, Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на општина |
| Реализација на воннаставни активности | прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учесниците, | Стручни соработници, Директор, | Ученички парламент, Совет на родители, Наставнички совет, Училишен одбор, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | процесот на набљудување | Совет на родители | Совет на општина |
| Успех на учениците | Увид во евиденција и документација | Комисија | Ученички парламент, Совет на родители, Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на општина |
| Редовност на учениците | Увид во евиденција и документација | Комисија | Ученички парламент, Совет на родители, Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на општина |

## 28. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Годишната програма ќе се врши периодично на тромесечие полугодие и крај на година преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи инструменти од посета на часови, увиди во евиденција,Самоевалуација 2023 од страна на Стручните активи, директорот, стручната служба, Совет на родители, претставници од ученички парламент. Од збирката на докази на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година ќе се изготват Извештаи за реализацијата.

## 29. Заклучок

Годишната програма за работа на ООУ„Петар Мусев“ Богданци е изготвена врз основа на Развојната програма на училиштето за период од четири години. Во неа се планирани визијата, мисијата, подрачјата на промени, приоритетите, целите,акциските планови како и начинот на евалуација, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.Овој документ содржи податоци за просторните услови за организација на дејноста кои се оценети како добри, ресурсите од материјално-технички карактер, човечките ресурси според возраст вкупно 46 вработени, работни задачи и степен на образование, број пол и етнички состав на учениците, вкупно 407 распоредени во 22 паралелки од кои 2 во подрачното училиште, членови на Совет на родители вкупно 22 како и членови на училишен одбор вкупно 7. Приоритетите за подобрување на ВОР се утврдени врз основа на отворените проблеми: Оштетена кровна конструкција која прокиснува, оштетени тавани, оштетени подови, немање сала за Физичко и здравствено образование со фонд од 66 часа, оштетена фасада на објектот во Богданци.

Програмата содржи информации за сите подрачја на дејноста осовно образование и начинот на реализирање на активности од задолжените вработени. Финансирањето на училиштето е единствено од Блок-дотациите од МОН преку Општина Богданци и евентуално средства од Проекти кои се користат строго наменски за конкретните активности(ММИО).

Сите планирани активности се однесуваат на нормални услови за реализација на дејноста. Програмата би се реализирала согласно со препораките од МОН за реализација на

воспитно-образовната дејност во услови на пандемија, планираните содржини може да претрпат измени, соодветни на условите за работа ( далечинско учење, комбинирано учење).

Сите засегнати субјекти имаат обврска за реализацијата на планираните активности од Годишната програма за учебната 2023/24 година, квалитетна евиденција, собирање докази заради евалуација на истата и поквалитетно понатамошно планирање.

Програмата содржи голем број на прилози од кои некои се составен дел на тетратката, а останатите се како посебни документи.

Годишната програма ја усвојува Училишниот одбор на предлог на директорот и истата може да претрпи промени во делот на нејзината имплементација.

## 30. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

- Атанас Нанчев (директор)
- Невена Петрушева (психолог)
- Снежана Енџекчева (педагог)
- Елисавета Карастојанова (дефектолог)
- Наталија Манолева (наставник)
- Крстинка Каракабакова (наставник)
- Томида Окова Попова (наставник)
- Адријана Тодорова (наставник)
- Богомил Марков (наставник)
- Вања Милосавлевиќ (претставник од ученички парламент)

## 31. Користена литература


1. Водич за работа на училишниот инклузивен тим
2. Водич за слободни изборни предмети
3. Годишен извештај на училиштето од учебната 2022/23 година
4. Законот за основно образование член 49 Сл.весник 161/2019,
5. Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта
6. Закон за работни односи
7. Извештај од самоевалвација 2023
8. Извештај од интегралната евалвација
9. Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование за учебната 2022/23
10. Концепција за деветгодишно образование
11. Концепција за воннаставни активности во основното образование
12. Концепт за учење на далечина
13. Наставните планови и програми за учебната 2022/23година од БРО
14. Правилникот од МОН за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште
15. Правилник за начинот и обемот на работните задачи во рамките на работното време на наставниците и стручните соработници во текот на 40-часовна работна недела
16. Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта

17. Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта
18. Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја
19. Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта
20. Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта
21. Програма за развој на училиштето
22. Програмата за работа на училиштето од претходната година
23. Статут на училиштето член 25,112, 120 и 121
24. Стратегија за образование 2018-2025
25. Концепцијата за основно образование 2021

***Потпис на директор***

***14.08.2023***

***Потпис на претседател на УО***

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**-**Годишна програма за работа на: директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.

-Распоред на часови
-Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
-Програми за воннаставни активности
-Програма за додатна настава
-Програма за дополнителна настава
-Програми за вонучилишни активности
- Програма за реализација на ученички натпревари
-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција
-План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
-План за професионална ориентација на учениците
-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација
-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето
-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
-Програма за самоевалуација на училиштето
-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Распоред на дежурни наставници
- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите
-Програма за соработка со локална средина и локална заедница
-Програма за грижа за здравјето на учениците
-Програма за јавна и културна дејност на училиштето
-Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште
-Училишни комисии за учебната 2023/24година